ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **16.05.2023 година** во 08:00 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, секретар на Општина Крива Паланка **Антонио Давитковски,** раководител на сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** раководител на сектор за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфраструктура **Маја Костадиновска,** раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, раководител на одделение за човечки ресурси **Игор Додевски,** раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,**раководител на Одделение за финансиски прашања **Марија Златановска**,раководител со овластување на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Валентина Ангеловска,** директор на ЈП „Комуналец“ **Миле Марковски**,директор на ЈП ,,Калин Камен ‘’Јорданчо Миневски, **с**оветник за јавни набавки и работи за седници на Совет **Биљана Тасевска, с**оветник за правни работи и застапување **Сања Стојановска** и **Драган Цвијовиќ**-поддршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар на Општина Крива Паланка</u>**

Задолженија на Секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период , а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година.

**1.** Да се превземат обврски околу постапката,начинот за продавање на парцелите на Калин Камен и Треска ( да се иницира и координира постапката со носење на одлуки на седница на совет)

**2**. Со Аце Голубовски да се кординира за осветлувањето кај :

1.Паркинг Единство 4 бандери

2. Боголожин дол

3. Изгорени 2 Бндери кај дол Нимулија

4. Осветлување на патот кој е во изградба со две дополнителни бандери пред бензинската

5. Со зелени рефлектори да се доврши косината кај Борчева кафана, да се продолжи кај косината на Градечки мост

6. Со бели рефлектори да се осветли кејскиот зид на градскиот парк

7. Со бела лед лента да се осветли фонтаната во градскиот парк

8. Да се постават сијалиците од нова година како декоративен елемент на Градечки мост на новите конструкции

9. Да се приклучат со струја куќичките кои се дадени под наем

**3**.Да се превземе контролата и да се направи пресек околу целокупните барањата од граѓани и ургентно да се затворат и да се постапи по истите
( комунално одделение ) ПИСМЕНО УКАЖУВАЊЕ

**4.** Организација на набавка и сите неопходни следни чекори за поставување на детско игралиште во населба Единство во најбрз временски рок

**5**. Писмо со покана до збратимени градови и потенцијални учесници на фолкорниот фестивал

**6.** Канцеларијата на ОИК да се ослободи и истатта да се даде на користење на ЈП Калин Камен за зонското паркирање.

**7**. Да се даде предлог понуда за поставување и давање под кирија на кровот на спортската сала ( по можност да биде опција за решавање на проблемот со затоплување) Извештај по дадената понуда/ одговор од Израел ?

**8**. Да се види со можна партнер општина од Р.Бугарија и да се организираат работни состаноци Дупница+Ќустендил

**9**. Да се организира настанот со посета на Јапонскиот Амбасадор

**10**. Да се изготви допис до ЕВН.

-Тековни активности.

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Задолженија за Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Задолженија за раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

1. На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

1. **Параметар**

   ( Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село মождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, Старечки дом, Треска)

2. **Аква**

( Водовод Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци)

3. **МГ Проект**

   (Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови с. Конопница )

   Налог за детски катчиња ( Домачки дол, Калин камен, Облаче, Белево,игралиште касарна )

   Налог за уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река )

4. **Еуро Роад**

   Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала)

   ( да се даде налог за проектирање на потпорни стени Ратко Минев, школо Илинден,улица Калин Камен )

5. **Ин пума**

Ургентно да се отпочне со постапка за проектирање за депонија за инертен отпад;

6. **24 Инг**

   1.Сообраќаен проект за зонско паркирање да се испрати за согласност во МВР

   **2.**Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 (услуги за авионско прскање,средство за авионско прскање)

   **3**.Извештај во писмена форма по однос на постапката и динамиката на Генералниот Урбанистички План и Деталните Урбанистички Планови кои се во постапка(секој Понеделник)

   **4.** Да се подготви во систем одобрение за градба за

   1. Градски мостови ( промена на проектна задача,наслов)

   2. Изградба на Домачки Дол

   3.Детско игралишта населба Илинден

   **5.**Да се контактира со Параметар во врска со промена на проектната документација за ученчкиот дом Боро Менков прилагодена според барањата на МОН+ да се организира состанок во Скопје ( извештај по однос на одржаниот состанок и следни чекори )

   **6.**Да се распише повик за давање под наем на куќички на градскиот плоштад и спортскиот комплекс комплекс ( изготвување на пресметки и потпишување на договори)

**7.** Да се контактира со ГИМ за промена на проектна документација за регулација на Дурачка река и сервисна улица и изградба на локален пат село Конопница Спас-Крст

**8.** Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелите на Калин Камен и Треска / одлуки совет за давање на согласност за водење на постапка за продажба и измена на програма

**9.** Да се даде налог за извршување на тестеричка дезинсекција

**10** .Одлуката за Комунален ред да се подговти за наредната седница на Совет

**11**. Да се организира хоризонтално одбележување на улицата Јоаким Осоговски по нејзино асфалтирање

**12**. Да поведе постапка, иницијатива за УПВНМ за фотоволтаичен парк во село Мождивњак и за истсата потреба да се контактира со консултанската куќа - Наташа Бисмилоски

**13**. Прима Инжинеринг да си постапи по забелешките од МЖСПП истите да се корегираат и повторно да се побара водостопанска согласност за сервисната улица покрај Крива Река

**14**. Да се испорача цвеќе од набавката Розен центар( грчка сардела)

**15**. Да се завршат сите предмети во систем Е-урбанизам и Е –градежна дозвола

-Тековни активности

<u>**Одделение за финансиски прашања**</u>

Задолженија за одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

**1**.За месец јуни да се вршат подготовкиза ребаланс на Буџетот и да се направат соодветни соодветни анализи кои мерки и програми не се искористени и за истите да направт промени онаму каде што е потребно

**2.** За месец Јуни на седница на Совет да се подготви одлука за зголемување на основачки влог ЈП Калин Камен за да може да отпочне со функционирање зонското паркирање

**3.** Ребаланс – договор МТСП 1.200.000 улица населба Житни+ МЖС+ МЗШВ+ МАК+СРБ+зголемување на ДДВ + Словенска Амбасада

**4.** Ребаланс да се предвидат средства ( основачки влог ЈП Калин Камен+ новогодишно украсување+ кофинасирање+електрична енергија )

Неискористени средства ( проектирање ниско градба 500.000+ хотелски услуги500.000+ компјутери350.000+ мебел 80.000+ игралишта 500.000

**5.** Да се организира работен состанок со одделението за финасии за да се дефинираат задолженијата и начинот на функционирање во наредниот период

**6.** Да се достави информација до правното одделение за доспеани обрски по однос на закуп на јавни површини и објекти под наем за подмирување на обврските

-Тековни активности.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Задолженија за одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

1.На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

**1.Параметар**

-( Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, да се изврши промена на насловот на проектната задача и промена на насловот на проектот за реконструкција на градските мостови,измена на проектот за старечки и ученички дом во Боро Менков)

**2.Аква**

**-**( Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе, исправка на прокетната документација за Домачки Дол)

**3.МГ Проект**

(Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница )
Налог за детски катчиња ( Домачки дол, Калин камен, Облаче, Белево,игралиште касарна )
Налог за уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река )

**4.Еуро Роад**

- Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала)
( да се даде налог за проектирањена потпорни стени Ратко Минев, школо Илинден,улица Калин Камен )

**2.**Со фирмата КООП Со фирмата КООП и Комуналец да се искординира промената на азбесните цефки во населба Илинден и динамиката на изведување на градежните активности.Со ЈП Комуналец да се види околу спецификацијата за потребните елементи за промена на водоводната инсталација и начинот на набавка.Истата фирма да изготви сообраќаен елаборат за времен режим.

3.Да се подготви во систем одобрение за градба за
1.Градски мостови ( промена на проектна задача,наслов)
2.Изградба на Домачки Дол
3.Детско игралишта населба Илинден
4.Фирмата Белешков да започне со градежни активности по дадениот налог за работа
Скали Трновска Мала
Бети советничка
Поправка на калдрмите во трновска мала и Чука

5.Измена на проектна документација за регулација на Дурачка река со сервисна улица ( да се исконтактира со ГИМ)+ информации околу проектирање на пат село Конопница Спас-Крст

6. Фирмата Лабино да работи на терен со земјените работи и уредување на:

1. Детските катчиња во населба Метролошка,Илинден,Болничка ливади ( подготовка за асфалтирање)
2. Баглачка ( изместување на бандера+проблем со Педо)
3. Осоговска
4. Климент Охридски ( да се направи измена со која завршетокот на улицата предвидена за изградба ќе се замени со почетокот за промена на калдрмата
5. Почеток со работа изградба на улица Ристена Гогова

6.Да се постапи по неодговорените барања од граѓани да се даде соодветен одговори да се направи еден преглед по однос на истите

7. Да се следи реализацијата и динамиката на изградбата на патот во село Кркља и можните проблеми во тек на градба

8. Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 по планот за јавни набавки

1. Набавка на матријали за изградба и реконструкција за одржување на јавно осветлување
2. Изработка на техничка документација за хидротехнички објекти
3. Изработка на техничка документација за локална патна мрежа

9. Да се изготви писмо со барање до Влада на РСМ и МЖСПП за обезбедување на средства од Буџетот на РСМ за финасирање на капитална инвестиција за изградба на пречистителна станица

10. Да се види можноста за уште една дополнителна решетката кај Норма и решетка која е затворена пред влезот на Болница ( сеуште има реакции од населението)

11. По афалтирање на улицата Јоаким Осоговски да се организира со фирмата Ердас местење на еластична ограда и одбележување со хоризинтална сигнализација

12. Да се види можна опција за скали на паркингот кај градскиот пазар и да се даде налог на Белешков и Мелтон за изработка на истите

13.Да се даде налог за работа на машините по однос на барања од граѓани на ЈП Комуналец по договорот за зимско одржување ( извештај на завршена работа )

14. Да се види со ЈП Комуналец околу набавката на цефките за село Конопница за кај Жарко докторот и Емил ( дали има опција да се направи измена и доплна на програмата и истите да се вградат во Буџет)

15. Да се проверат количините, времените ситуации и доставените фактури на фирмата Лабино за уредувањето на пристапот и паркингот на Градскиот пазар

- Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

1.Да се продолжи со постапката за функционалната анализа

2. Да се види околу распоредот за годишен одмор на вработените, да се искористи стариот одмор и да се направи распоред за користење на стариот. Да нема спојување на стар и нов одмор

3. Да се види околу изработка на туристичкиот водич

4. Да се почне со собирање на податоци за изготвување извештај за поминати обуки за вработените

5. Да се почне со собирање на податоци за изготвување на извештај за годишен план за вработување

-Тековни активности

**<u>Одделение за Локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Задолженија за одделение за локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

**1.** Да се започнат подготовки околу организирање на свечена Академија и настан по повод на денот на св.Јоаким Крчовски и св.Кирил и Методиј 22 и 23.05.2023година(да се направат договори со Ајдин за настапот)

Да се организира состанок и да се поделат задолженија по целокупниот настан и синопсисот.

**2.**Да се исконтактира со добитниците на наградите по повод настанот на Први Април за искористување на истите;

**3**.Да се види околу донација на Кинеската Амбасада за набавка на канти за отпадоци и за оргаизирање на посета откако ќе се заврши монтажа на истите

**4.**Да се превземат активности околу годишната оперативна програма;

-Визуелен туристички водич

-Измените во делот на програмата за култура да се постапи по однос на истите

**5.** Да се кординира повикот за НВО и поднесените апликации и комисијата да направи оценување и извештај од комисијата

1.Потпишување на договори

2.Комисија за мониторинг на договорите за програмата од Спорт/Култура/НВО

**6.**Да се задложат одговорни лица за пишување на апликации за повикот со

1.Бугарска Амбасада ( детско игралиште Бавчалк)

2.Јапонска Амбасада

3.Германска Амбасада

**7.**Да се отпочнат активности од програмата за социјална и детска заштита за

-Изградба на пристапни рампи на лица со попреченост

-Субвционирање на самохрани родители на деца за претстој во ОЈУДГ Детелинка

-Ослободување на семејствата за Бранители од сметките за комунални услуги

**8**.Изготвување на Апликација задавање на грант за проектна документација повик од UNDP( рок до 18.05.2023)

**9.** Да се организира состанок со Центар за култура за отпочнување на подготовки за креирање на концепт програмата на Паланечко Културно лето и фолкорниот фестивал ( начин на трансвер на средс**твата, договор и мониторинг)**

10. Да се види околу аплицирање на повикот за негуватели

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за одделение за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

**1.**Да се види до каде е постапка за овластување на Игор Ѓорѓиевски за Општински сообраќаен инспектор

**2.** Да се води постапката околу новата организација на Општина Крива Паланка и за истата да се организира работен состанок со раководителите пред пуштање на согласност во МИО

**3.** Да се распише јавен оглас за давање под наем на школото во село Станци

**4.** Да се разгледа правната можност за иницијативата еден денар за спорт од комуналните сметки на ЈП Комуналец за вода и ѓубрарина

**5**. Експропријации извештај по актуелни предмети – Мартиница

**6.** Да се подготви допис до МОН+КЕС Влада на РСМ во врска со финасискиот проблем со ученичкиот дом Боро Менков

**7**. Да се изготви договор со услови за давање под наем на просторијата за потребите на АКН

**8**. Да се закаже состанок на Локален Совет за превенција

**9**. Опомени за неругулирани обврски спрема Општината по однос на закуп на јавни површини и наеми

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

**1**. Да се распише набавка за униформи на комуналните редари

**2.** Да се направат напори ако може да се ангажираат 5 стабилни работници по програмата за општо корисна работа и да им се зголеми месечниот надоместок

**3**. Укажување писмено за населението во Бегови Бавчи за одлагањето на ѓубрето до контиЊерите и изрекување на казна

**4**. Затворските работници да се ангажираат на садење каталпи касарна и уредување на игралиште Метролошка и на прочистување на канали-решетки и испомош во косењето на ЈП Комуналец

**5**. Хаварисани возила во населба Житни и Болничка ливада да се остранат од улицата

**6**. Комуналниот инспектор да направи увид на целокупната состојба со хигиената на терен и да даде задолженија на ЈП Комуналец

**7.** Да се види околу аплицирање на повикот за најчист град

**8**. Да се види околу повикот за ангажирање на работници за вршење на јавни работи со Агенција за вработување

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

**Сектор зеленило**

**1.** Да се закаже аукција-одлука и потпишување на договор со рок на испорака два дена за набавка на цвеќе и да се започне со садење на цвеќе

**2**. Да не се остава окосената трева во речно корито и истата да не се фрла во реката

**3.** Да се работи на сеење трева и уредување на просторот од спортскиот комплекс нагоре лево и деснои да се расчисти од крупен камен и гранки

ДА СЕ ПУШТАТ МАШИНИТЕ ДА РАБОТАТ НА ИЗНЕСУВАЊЕ НА ГРАНКИТЕ И РАМНЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**4**.Да се набават нови тримери за косење на тревата

**5**. Да се набават нови тримери за косење трева

**6**. Со затворските работници да се заврши садењето на дрворедот од касарна со КАТАЛПА+ да се дополнат со земја

**7**. Да се види околу набавката на системот за наводнување со РИСТОВИ,прскалки на косините и сите зелени површини, пумпи за речното корито и истиот да се инсталира

**8.** Да се формира стабилен тим за косење од 8 луѓе кои секојдневно во наредниот период ќе работат само на оваа задача

**9.** Да се заврши со уредување на градскиот парк

- Околу фонтаната да се обнови со нов декоративен камен и трева
- 4 кругови
- Коцката кај детското катче

Се што е набавено од дрвца да се засади

**10.** Да се заврши со окројување на сите зимзелени декоративни дрвца кај Облаче и мотел Македонија, Карчо раскрсница

**11.** Затворските работници да работат на уредување на игралиштето во Метролошка поставување на муљ и сеење со трева

**12**. Чистење на фонтаната пред Општина и Градски Парк

**Сектор Чистота**

**1**.Да се врши редовно метење на површинете под контињерите по сите споредни населени места на неколку места има формирано депонија

**2**. Споредните улици да се метат машински, по поминувањето на трактороската метларка истите да сеизвршиперење со цистерната

**3**. Да се стават максимално во функција тракторската метларка и метларката од БРАКО и истите да започнат со работа по направениот распоред од Ваша страна. Постојано ги гледам паркирани ( да се најде нов шофер за метларката на Брако )

**4**. Да се заврши уредувањењто на просторот кај складот и истиот да се огради со зелена мрежа. Да се однесат сите ствари за кои е донесена одлука на совет за продажба во отпад

**5**. Метење ( незадоволително ниво во централното градско подрачје)

- Секој ден на централна улица ( темелно метење на тротарите има многу земја и покрај ивишњаците)
- Градски пазар ( не е изметен од сабота)
- Паркинг позади Пакет Маркет во центар на град
- Градски плоштад темелно метење
- Паркинг кај Автобуска и дел кај Пакет Маркет
- Паркинг позади Социјално
- Паркинг кај Центтар за култура
- Пред Јоаким Крчовски и улицата на градскиот парк
- Паркинг кај Карчо и Шанин мост

**6**.Да се направи генерално чистење на градската капела

**7.** Да се прави секојдневна контрола на метлачите на зададените задачи и на извршените( си заминуваат пред време од работа, доцнат со работа и кога се на споредните улици се кријат и не ги извршуваат зададените задачи)

**Генерални задолженија и информации**
**16.05.2023**

**1**.Да се започне со перење на споредните улици со цистерната по машинскот метење

**2.** Да се види и започне со фарбање и уредување на просторот кај градскиот пазар ( кречење на сите површини)

**3.** Да се започне со уредување на ВЦ на градскиот пазар

**4**. Да се види по однос на дадениот налог од Општина за работа со механизација по договорот од зимското одржување. Машините да се оставаат во селата каде што ќе бидат ангажирани, а за шоферите да се обезбедува превоз. Да не се губи време во возење на машините.

**5.** Да се види со активности кај доктор Жарко во село Конопница и поставување на цефките

6. Да се види околу набавката на тримери,пумпи за наводнување и прскалки за косините и истите да започнат со инсталација

**7**. Да се пробие патот до депонијата за инертен отпад

**8.** Да се продолжи постапката за нова организација на ЈП Комуналец

**9**. Да се види околу промената на азбесните цефки во населба Илинден, да се даде максимален фокус на оваа задача за брза реализација и да се види начинот околу набавката на елемнти и црева

**10**. Да се види со фирмата Мелтон за држачи на новите канти

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Задолженија за ЛУ Градски Музеј кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

-Тековни активности

**<u>ЈП Калин Камен</u>**

Задолженија за ЈП Калин Камен кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 16.05.2023 година

**1**.Да се направи состанок со станарите и граѓаните за запознавање со пуштањето во функција на зонското паркирање, дали се разгледа доколку имаат некои забелешки

**2**. Да се направи работен состанок за зонското паркирање и со советниците околу можни забелешки

**3**. Да се види околу почнувањето на изработка на планот за јавни набавки на претпријатието

**4.** Актите што се ставени на јавен увид за зонското паркирање да се постапи доколку има забелешки по јавниот увид

-Тековни активности

**16.05.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**